**Број 7 Година XVI**

**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК**
**НА**
**ОПШТИНА КАРПОШ**

**СКОПЈЕ, март 2022**

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2, тел. 023055901, 023055-902
www.karpos.gov.mk; petar.teov@karpos.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2022 година**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2022 година, донесена на седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2840/1**
**Датум:01.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2, тел. 023055901, 023055-902
www.karpos.gov.mk; petar.teov@karpos.gov.mk

Врз основа на 36 став 1, точка 2 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), а во врска со член 23, став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15 и 209/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21) и Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2022 година бр.09-8585/24 од 29.12.2021 година („Службен гласник на Општина Карпош" бр.23/2021), Советот на Општината Карпош на седмата седница, одржана на 31 март 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2022 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2022 година, се врши изменување и дополнување на следениот начин:

Во член 7, став 4, после зборовите „буџет на донации" се додаваат зборовите „или буџет на заеми"

По изменувањето и дополнувањето, член 7 гласи:
„Пренамената во рамките на одобрените буџети на општинските буџетски корисници ја одобрува Советот на Општината.
Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и Буџет, неможе да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределбите во тековната фискална година, а одобрените средства за плати и надоместоци на ниво на ставки во рамките на Буџетот не можат со прерарспределба да се зголемат повеќе од 10%.
Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на општинскиот буџетски корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и подпрограми по претходно одобрување од Советот на Општината.
Општинските буџетски корисници, во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности, Буџетот на донации, Буџетот на дотации, или Буџетот на заеми, планираните приходи и други приливи не се реализираат, односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување -зголемување на Планот на приходите и другите приливи и Планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на Општината."

**Член 2**

Во членот 9 се брише бројката 22,53 денари и на нејзино место се запишува бројката: 26,11 денари.

По изменувањето и дополнувањето членот 9 гласи:
Вредноста на бодот за утврдување на платите на вработените во општинската администрација во Општина Карпош кој немаат статус на државни службеници, за 2022 година ќе изнесува 26,11 денари.

**Член 3**

Во членот 10 се брише зборовите „во висина од 60% од просечна нето плата исплатена во последните три месеци во Републиката".

По изменувањето и дополнувањето членот 10 гласи:
„На вработениот во општинската администрација, под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година во Општина Карпош, се исплаќа регрес (надоместок) за годишен одмор во висина од најмалку 9.000 денари нето.“

**Член 4**

Во член 11 се брише ставот 1 и на негово место се запишуваат нови ставови 1, 2 и 3 кои гласат:
„На вработениот за време на службено патување во земјата му се надоместуваат трошоците за дневница, трошоците за превоз и трошоците за ноќевање.
Дневницата за службено патување се пресметува од часот на тргнувањето на работникот на службеното патување, до часот на враќање со превозното средство и тоа:

- дневница во висина од 700.00 денари ако службеното патување траело повеќе од 12 часа
- дневница во висина од 350.00 денари ако службеното патување траело од 8 до 12 часа

Средствата за дневници за службени патувања во земјата се предвидени во Буџетот на Општина Карпош за 2022 година

Со измените и дополнувањата, ставот станува став 4:
Износот на дневници за службено патување во странство се исплатува и тоа:
- 50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата,
- 20% од утврдената дневница, ако издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на органот на управување.
- 5% од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена.
Пресметката на издатоците за службено патување во странство преку дневница се одредува и тоа:
- една дневница - за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часа и
- половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство, како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа.

**Член 5**

Во член 13, став 1, зборовите „општинскиот буџет“ се заменуваат со зборовите „буџет на дотации“.

По изменувањето и дополнувањето, член 13, став 1 гласи:
Исплатата на платите и надоместоците до основните училишта и детските градинки (во понатамошен текст: локални и јавни установи) ќе се финансираат од блок дотациите од буџетот на дотации, согласно позитивните законски прописи, под контрола и одобрување на соодветните министерства.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Карпош”, а ќе се применува од 01 јануари 2022 година.

**Број: 09-2483/4**
**Датум:31.03.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2, тел. 023055901, 023055-902
www.karpos.gov.mk; petar.teov@karpos.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлуката за донесување на техничка исправка за ГП 1.4.17 од ДУП (измена и дополна) за населба Влае 1, дел А (Одлука бр. 07-895/1 од 10.07.2002 година), со технички бр. 10/22-У од февруари 2022 година, изработена од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ проект ДОО Скопје**

1. Се објавува Одлуката за донесување на техничка исправка за ГП 1.4.17 од ДУП (измена и дополна) за населба Влае 1, дел А (Одлука бр. 07-895/1 од 10.07.2002 година), со технички бр. 10/22-У од февруари 2022 година, изработена од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ проект ДОО Скопје, донесена на седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2840/2**
**Датум:01.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 36, став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/2020), Советот на Општина Карпош, на седмата седница, одржана на 31 март 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за донесување на техничка исправка за ГП 1.4.17 од ДУП (измена и дополна) за населба Влае 1, дел А (Одлука бр. 07-895/1 од 10.07.2002 година), со технички бр. 10/22-У од февруари 2022 година, изработена од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ проект ДОО Скопје**

**Член 1**

Со ова Одлука се донесува техничка исправка за ГП 1.4.17 од ДУП (измена и дополна) за населба Влае 1, дел А (Одлука бр. 07-895/1 од 10.07.2002 година), со технички бр. 10/22-У од февруари 2022 година, изработена од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ проект ДОО Скопје, по добиеното позитивно мислење со број 45-345/2 од 07.03.2022 година од Комисијата за урбанизам на Општина Карпош, формирана врз основа на одредбите на член 38 од Законот за урбанистичко планирање со Решение за формирање на Комисија за урбанизам, донесено од Градоначалникот на Општина Општина Карпош со бр. 11-1062/2 од 11.02.2022 година.

**Член 2**

Техничката исправка за ГП 1.4.17 од ДУП (измена и дополна) за населба Влае 1, дел А (Одлука бр. 07-895/1 од 10.07.2002 година), со технички бр. 10/22-У од февруари 2022 година, изработена од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ проект ДОО Скопје и е составен дел на ДУП (измена и дополна) за населба Влае 1, дел А (Одлука бр. 07-895/1 од 10.07.2002 година).

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2483/5**
**Датум:31.03.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлуката за донесување на техничка исправка за ГП 1.7 од ДУП за населба Маврово и водовод, Општина Карпош, Одлука бр. 07-720/2 од 05.07.2001год., со технички бр. 21/22-У од февруари 2022 година, изработена од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ проект ДОО Скопје**

1. Се објавува Одлуката за донесување на техничка исправка за ГП 1.7 од ДУП за населба Маврово и водовод, Општина Карпош, Одлука бр. 07-720/2 од 05.07.2001год., со технички бр. 21/22-У од февруари 2022 година, изработена од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ проект ДОО Скопје, донесена на седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2840/3**
**Датум:01.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 36, став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/2020), Советот на Општина Карпош, на седмата седница, одржана на 31 март 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за донесување на техничка исправка за ГП 1.7 од ДУП за населба Маврово и водовод, Општина Карпош, Одлука бр. 07-720/2 од 05.07.2001год., со технички бр. 21/22-У од февруари 2022 година, изработена од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ проект ДОО Скопје**

**Член 1**

Со ова Одлука се донесува техничка за ГП 1.7 од ДУП за населба Маврово и водовод, Општина Карпош, Одлука бр. 07-720/2 од 05.07.2001год., со технички бр. 21/22-У од февруари 2022 година, изработена од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ проект ДОО Скопје, по добиеното позитивно мислење со број 45-568/3 од 07.03.2022 година од Комисијата за урбанизам на Општина Карпош, формирана врз основа на одредбите на член 38 од Законот за урбанистичко планирање со Решение за формирање на Комисија за урбанизам, донесено од Градоначалникот на Општина Општина Карпош со бр. 11-1062/2 од 11.02.2022 година.

**Член 2**

Техничката исправка за ГП 1.7 од ДУП за населба Маврово и водовод, Општина Карпош, Одлука бр. 07-720/2 од 05.07.2001год., со технички бр. 21/22-У од февруари 2022 година, изработена од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ проект ДОО Скопје и е составен дел на ДУП за населба Маврово и водовод, Општина Карпош (Одлука бр. 07-720/2 од 05.07.2001година).

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2483/6**
**Датум:31.03.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2, тел. 023055901, 023055-902
www.karpos.gov.mk; petar.teov@karpos.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлуката за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 18.14 од УПС за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и 18, Општина Карпош – Скопје со намена А1.1-станбени куќи слободностоечки, на КП 973/1 и 973/3, КО Бардовци, Општина Карпош- Скопје**

1. Се објавува Одлуката за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 18.14 од УПС за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и 18, Општина Карпош – Скопје со намена А1.1-станбени куќи слободностоечки, на КП 973/1 и 973/3, КО Бардовци, Општина Карпош- Скопје, донесена на седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2840/4**
**Датум:01.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 63 став (9) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20), член 22, став 1, точка 1; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Општина Карпош“ бр.5/2022), Советот на Општина Карпош на седмата седница, одржана на 31 март 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 18.14 од УПС за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и 18, Општина Карпош – Скопје со намена А1.1-станбени куќи слободностоечки, на КП 973/1 и 973/3, КО Бардовци, Општина Карпош- Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Планот за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 18.14 од УПС за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и 18, Општина Карпош – Скопје со намена А1.1-станбени куќи слободностоечки, на КП 973/1 и 973/3, КО Бардовци, Општина Карпош- Скопје.

Планот за парцелација, како составен дел од Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 18.14 од УПС за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и 18, Општина Карпош – Скопје со намена А1.1-станбени куќи слободностоечки, на КП 973/1 и 973/3, КО Бардовци, Општина Карпош- Скопје, е изготвен во целост почитувајќи ги одредбите зададени со важечкиот УПС за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и 18, Општина Карпош – Скопје (Одлука бр. 07-656/7 од 31.01.2014 година), како и согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20 и 219/21) и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива.

**Член 2**

Со Планот за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 18.14 од УПС за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и 18, Општина Карпош – Скопје со намена А1.1-станбени куќи слободностоечки, на КП 973/1 и 973/3, КО Бардовци, Општина Карпош- Скопје се врши поделба на една поголема градежна парцела од ист сопственик на две помали градежни парцели, со почитување на параметрите зададени во Изводот, потребата на Инвеститорот и согласно член 63 став (1) и став (2) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20).

**Член 3**

Планот за парцелација од на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 18.14 од УПС за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и 18, Општина Карпош – Скопје со намена А1.1-станбени куќи слободностоечки, на КП 973/1 и 973/3, КО Бардовци, Општина Карпош- Скопје, постапка бр. 38831 во системот е-урбанизам, со тех. бр. 67/21-У од февруари 2022, изработено од страна на Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје.

Планот за парцелација е со следната содржина:

1. Опис и образложение на парцелацијата
2. Графички дел – план за парцелација
3. Синтезна карта

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Карпош.

**Број: 09-2483/7**
**Датум:31.03.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на Република Северна Македонија Универзитет Мајка Тереза-Скопје**

1. Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на Република Северна Македонија- Универзитет Мајка Тереза-Скопје, донесена на седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2840/5**
**Датум:01.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), а во врска со член 59, став 12 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/19, 18/20 и 279/20), а во врска со член 96 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), Барањето бр.09-2153/3 од 21.03.2022 година и Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за реконструкција со пренамена на јавен објект бр.27-2589/1 од 10.03.2022 година („Службен гласник на Град Скопје" бр.3/2022), Советот на Општина Карпош, на седмата седница, одржана на 31 март 2022 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на Република Северна Македонија Универзитет Мајка Тереза-Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука инвеститорот Република Северна Македонија-Универзитет Мајка Тереза-Скопје се ослободува од плаќање на надоместок за Изградба-реконструкција со пренамена на јавен објект, намена В1-образование и наука, на ул„Самоилова" (в.м.Стари Водовод), број ББ, градежна парцела 9.8, КП.1568/2 КО Чаир, комплекс 22/2.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука претставуваат дел од вкупниот надоместок за уредување на градежното земјиште во висина од 40% или 187.213,00 денари, надоместок за делот за Општина Карпош.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-2483/8**
**Датум:31.03.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Правилник за ставање вон сила на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош**

1. Се објавува Правилникот за ставање вон сила на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош, донесен на седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2840/6**
**Датум:01.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1. точка 1 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 67-а од Законот за градење (Сл. Весник на РМ 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19) и член 101 од Законот за домување, („Службен Весник на Република Македонија бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2020 година и Буџетот на Општина Карпош за 2020 година, Програма ГД-Проекти за енергетска ефикасност („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2019), Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош бр.09-493/36 од 29.01.2020 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош бр.09-6266/17 од 29.10.2020 година, Советот на Општина Карпош, на седмата седница, одржана на 31 март 2022 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за ставање вон сила на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош**

**Член 1**

Со овој Правилник се става вон сила Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош бр.09-493/36 од 29.01.2020 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош бр.09-6266/17 од 29.10.2020 година.

**Член 2**

Овој Правилник стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош.

**Број: 09-2483/9**
**Датум:31.03.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност за објавување оглас за субвенционирање во постапката за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност за објавување оглас за субвенционирање во постапката за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош, донесен на седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2840/7**
**Датум:01.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 67-а од Законот за градење (Сл. Весник на РМ 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19) и член 101 од Законот за домување, („Службен Весник на Република Македонија бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2020 година и Буџетот на Општина Карпош за 2020 година, Програма ГД-Проекти за енергетска ефикасност („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2019), а во вврка со Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош донесен на триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош и Правилникот за изменување и допонување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош бр.09-493/36 од 29.01.2020 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош Советот на Општина Карпош бр.09-6266/17 од 29.10.2020 година, на седмата седница, одржана на 31 март 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност за објавување оглас за субвенционирање во постапката за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука се става вон сила Одлуката за давање согласност за објавување оглас за субвенционирање во постапката за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош бр.09-6266/18 од 29.10.2020 година, како и Јавниот повик за субвенционирање во постапката за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош, бр.11-7491/1 од 25.11.2020 година и Апликацијата за проект „Поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни покривачи на станбени згради за колективно домување“ во Општина Карпош.

**Член 2**

Се задолжува Секторот за односи со јавност при Општина Карпош да ги отстрани предметните Правилник, Апликацијата и Јавниот повик, дефинирани во член 1 од оваа одлука од огласната табла во Општина Карпош и од огласната табла на веб страницата на Општина Карпош.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош”

**Број: 09-2483/10** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Датум:31.03.2022 година** **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош**

1. Се објавува Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош, донесен на седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2840/8**
**Датум:01.04.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 67-а од Законот за градење (Сл. Весник на РМ 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20 и 279/20) и член 101 од Законот за домување, („Службен Весник на Република Македонија бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна македонија“ бр.302/20), а во врска со Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2022 година и Буџетот на Општина Карпош за 2022 година, („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2021), Советот на Општина Карпош, на седмата седница, одржана на 31 март година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош

### Општи одредби
### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат: условите, критериумите, видот и начинот на финансиската поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош.

Вкупниот износ на финансиската поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови изнесува 2.000.000,00 (два милиони) денари.

Финансиските средства се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2022 година, преку Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2022 година, програма ГДО-проекти за енергетска ефикасност, конто – 464 990 други трансфери.

### Член 2

Корисници на финансиската поддршка се Заедниците на сопственици (ЗС) или Управители (УСЗ) на станбени згради за колективното домување (во понатамошниот текст: (Корисници), кои аплицираат врз основа на јавен повик за финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош, преку:
- пополнување на апликација
- доставување на потребна документација
- исполнување на потребните услови

**НАПОМЕНА 1:** ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА ЌЕ СЕ ДОДЕЛУВА ПО ПРИНЦИПОТ ПРВ ДОЈДЕН-ПРВ УСЛУЖЕН, ДО ИСЦРПУВАЊЕ НА ПРЕДВИДЕНИТЕ СРЕДСТВА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2022 ГОДИНА, ЗА ТАА НАМЕНА, ДЕФИНИРАНИ ВО ЧЛЕН 1 ОД ОВАА ОДЛУКА.

**НАПОМЕНА 2:** Во постапката за поставување нови лифтови, заедницата на сопственици е должна да ја обезбеди целокупната потребна документација, согласно позитивните зкаонски прописи. (проекти, одобренија). Општината не ги субвенционира градежните работи.

**Член 3**

Процесот на субвенционирање ќе се заснова врз начелата на: јавност, објективност, недискриминација, транспарентност, ефикасност и економичност.

**Услови и критериуми за субвенционирање и категоризација на згради**

**Член 4**

Општи услови кои треба да бидат целосно исполнети од страна на потенцијалните Корисници на субвенцијата:

- ✓ Да се регистрирани како Заедници на сопственици или со заедницата да управува правно лице – Управител, согласно Законот за домување, за што се доставува решение од Централен регистар на РСМ или договор со правно лице – управител
- ✓ Доколку колективниот станбен објект има повеќе влезови и истите се регистрирани како посебни правни лица, или имаат потпишано посебни договори со правно лице управител за застапување, потребно е секој влез – секое правно лице засебно да достави доказ – решение од ЦР на РСМ или да достави Договор со фимата управител која ја застапува заедницата на колективниот станбен објект.
- ✓ Да достават Имотен лист со кој се докажува сопственоста (не постар од 6 месеци) – Појаснување: потребно е да се достави имотен лист за земјиштето под зграда и имотен лист за секој стан

засебно, со кој ќе се потврди сопственоста на апликантите. Имотните листови да се доставаат во оригинал или нотарски заверена копија.
Доколку колективниот станбен објект има повеќе влезови и истите се регистрирани како посебни правни лица или имаат потпишано посебни договори со правно лице управител за застапување, потребно е секој влез – секое правно лице засебно да достави доказ – Имотен лист/листови со кој се докажува сопственоста на земјиштето под колективниот станбен објект и сопственоста на секој стан засебно.

**Член 5**

Посебните услови кои  треба да бидат целосно исполнети од страна на потенцијалните Корисници за субвенционирање:

- Станбените згради за колективно домување да се постари од 25 години
- Доказот за старост на колективниот станбен објект се потврдува со Изјава заверена на нотар, или со достава на Купопродажен договор за стан (доволен е купопродажен договор на еден ос сопствениците)
- Заедницата на сопственици/Управител на станбени згради да има донесено Одлука дека сопствениците на посебните делови се согласни да се изврши поправка и санација на постоечкиот лифт или поставување нов лифт и дека се согласни да учествуваат со сопствени средства за дел од вкупниот износ за санација-поправка на постоечки лифт или поставување нов лифт (во прилог кон одлуката да достават список со потписи од 50% плус 1 сопственик)
- Доказ дека Заедницата на сопственици има отворено сметка за резервен фонд, согласно одредбите од Законот за домување
- Заедницата на сопственици/Управител на станбени згради да има донесено одлука за избор на најповолна понуда за изведувач за поправка и санација на постоечки лифт или поставување нов лифт.
- Заедницата на сопственици/Управител на станбени згради да има донесено одлука за избор на најповолна понуда за надзор на изведбата за поправка и санација на постоечки лифт или поставување нов лифт.

Одлуките се сметаат за усвоени доколку истите своерачно ги потпишале 50% плус еден сопственик од вкупниот број на сопственици на посебни делови на колективниот станбен објект.
Одлуките се доставуваат во оригинален примерок или нотарски заверена копија и истите е потребно да бидат заверени со архивски број и потпишани од страна на овластено лице и печат.

**Висина на субвенционирање**
**Член 6**

Субвенционирањето ќе биде поддржано со финансиски средства од буџетот на Општина Карпош за 2022 година, Програма ГДО, по принципот прв дојден-прв услужен, до исцрпување на предвидените финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2022 година за таа намена, во висина од:

- 30%, но не повеќе од 250.000,00, денари од вкупниот износ на вредноста на поправка и/или санацијата на постоечкиот лифт или поставување нов лифт.

Сопствениците на станови во станбените згради за колективно домување ќе ги обезбедат преостанатите финансиски средства во висина од најмалку 70% од вкупниот износ од вредноста на инвестицијата и истото ќе го потврдат со Одлуки дефинирани во член 5 од овој Правилник.

**Начин и постапка за спроведување на субвенционирањето**
**Член 7**

За реализирање на средствата врз основа на критериумите и условите во овој Правилник, општината објавува Јавен повик во дневен весник, во електронска форма на веб страната на Општина Карпош, во печатена форма на сите јавни објекти во општината.

Рокот за поднесување на апликациите ќе трае до исцрпување на предвидените средства.

**Член 8**

Јавниот повик за финансиска поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на постоечки лифтови или поставување нов лифт на станбени згради за колективно домување ќе ги содржи следните елементи:

- опис на објектите за колективно домување за кои што станарите можат да аплицираат,
- процентот на учество на корисниците кои сопственото учество ќе го обезбедат како дел со сопствени средства.
- услови кои станарите што аплицираат треба да ги исполнат.

По јавниот повик сите апликанти кои што ќе ги исполнат условите ќе бидат прифатени со првенство за барателите/апликантите кои што први ќе ја комплетираат документацијата, согласно одредбата од член 2 од овој Правилник.

Јавниот повик ќе трае до исцрпувањето на средствата предвидени во Буџетот на Општина Карпош за 2022 година за предметната намена.

**Начин на аплицирање и содржина на апликација**
**Евалуација на апликациите и начин на објавување на резултати**
**Член 9**

За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства од овој Правилник, Градоначалникот на Општина Карпош ќе формира Комисија од 5 члена од кои еден е претседател и еден технички секретар кој админстративно ја води Комисијата, при

што доставува извештај за својата работа до Градоначалникот на Општина Карпош.

Комисијата има право и должност да ги провери податоците во Апликацијата, да изврши увид во соодветноста на документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни лица или овластени лица да направат увид на лице место, како и да бара друга дополнителна документација, при што за својата работа Комисијата составува Записник. Во Записникот се утврдува листа на потенцијални корисници за финансиската поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на постоечки лифтови или поставување нов лифт на станбени згради за колективно домување базиран на условите и критериумите кои се дефинирани во овој Правилник. Првенство за субвенционирање ќе имаат апликантите кои што први ќе ја комплетираат документацијата.

**Член 10**

Листата на потенцијалните корисници се објавува на веб страната на Општината и на огласната табла на Општината, а се доставува и известување до секој апликант посебно со соодветни податоци за постапката и насоки за понатамошна постапка на реализација на поддршката за проектот финансиска поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на постоечки лифтови или поставување нов лифт на станбени згради за колективно домување.

Сите апликанти имаат право по објавата на потенцијалните корисници на субвенцијата да вршат увид во доставената документација и повлекување на истата.

Оваа листа има важност во тековната 2022 година, од денот на објавувањето, односно се до целосно искористување на средствата согласно финансиската рамка во Буџетот на Општина Карпош за 2022 година.

**Потпишување на договор за субвенционирање**

**Член 11**

По комплетирање на потребната документација, на предлог на Комисијата за имплементација на програмата за финансиска поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на постоечки лифтови или поставување нов лифт на станбени згради за колективно домување, а врз основа на Одлуката за објавување Јавен повик, Јавниот повик и Извештајот на Комисијата, Градоначалникот на Општина Карпош доставува засебни предлог Одлуки за одобрување финансиски средства до Советот на Општина Карпош.

По усвојување на Одлуката за одобрување финанскиски средства од Советот на Општина Карпош, Градоначалникот на Општина Карпош потпишува Договор за одобрување на финансиски средства за предметната намена и донесува Решение за исплата на финансиски средства за предметната намена.

Исплатата на одобрените финансиски средства (исплата на субвенцијата) ќе се изврши по достава на Сертификат за техничка исправност на лифт во Општина Карпош, односно по извршување на технички прием и доставување на завршната ситуација за позициите наменети за поправка и санација на постоечки лифтови или поставување нов лифт на станбени згради за колективно домување, прегледани и потпишани од страна на надзорен орган, на сметката за резервен фонд на колективниот станбен објект.

Во Одлуката донесена од Советот на Општина Карпош и во договорите потпишани помеѓу Општина Карпош и заедниците на станари или овластениот управител на зградата ќе се утврди износот на средства за субвенционирање и поддршка од Општина Карпош врз основа на доставената техничка спецификација, која што ќе изнесува 30%, но не повеќе од 250.000,00 денари за поправка и санација на лифтови.

**Завршни одредби**
**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2483/11**
**Датум:31.03.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за давање согласност за објавување Јавен повик за субвенционирање во постапката за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за објавување Јавен повик за субвенционирање во постапката за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош, донесена на седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2840/9**
**Датум:01.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2, тел. 023055901, 023055-902
www.karpos.gov.mk; petar.teov@karpos.gov.mk

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 67-а од Законот за градење (Сл. Весник на РМ 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20 и 279/20) и член 101 од Законот за домување, („Службен Весник на Република Македонија бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр,302/20), а во врска со Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2022 година и Буџетот на Општина Карпош за 2022 година, Програма ГДО-Проекти за енергетска ефикасност („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2021), а во врка со Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација  на постоечки лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош, донесен на седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2022 година, Советот на Општина Карпош, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за објавување Јавен повик за субвенционирање во постапката за поправка и санација  на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување Јавен повик за субвенционирање во постапката за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективно домување во Општина Карпош.

**Член 2**

Финансиската подршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен Јавен повик, врз основа на утврдените критериуми во Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација  на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош, донесен на седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2022 година.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да донесе Решение за формирање комисија за спроведување на постапката, која ќе има обврска да ја спроведе постапката по објавениот Јавен повик и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Советот на Општина Карпош и до градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на еднократна финансиска поддршка.

**Член 4**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе потпише поединечни договори и ќе донесе поединечни решенија за исплата на субвенцијата.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”

**Број: 09-2483/12**
**Датум:31.03.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош**

1. Се објавува Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош, донесен на седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2840/10**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Датум:01.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 67-а од Законот за градење (Сл. Весник на РМ 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20 и 279/20) и член 101 од Законот за домување, („Службен Весник на Република Македонија бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна македонија“ бр.302/20), а во врска со Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2022 година и Буџетот на Општина Карпош за 2022 година, („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2021), Советот на Општина Карпош, на седмата седница, одржана на 31 март 2022 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош**

**Општи одредби**
**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат: условите, критериумите, видот и начинот на финансиската поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош.

Вкупниот износ на финансиската поддршка за кровни покривачи (згради и куќи) изнесува 3.000.000,00 (три милиони) денари.

Финансиските средства се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2022 година, преку Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2022 година, програма ГДО-проекти за енергетска ефикасност, конто – 464 990 други трансфери.

**Член 2**

Корисници на финансиската поддршка се Заедниците на сопственици (ЗС) или Управители (УСЗ) на станбени згради за колективното домување и сопственици на индивидуални станбени објекти

(куќи) (во понатамошниот текст: Корисници), кои аплицираат врз основа на јавен повик за финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални објекти (куќи) во Општина Карпош, преку:
- пополнување на апликација
- доставување на потребна документација
- исполнување на потребните услови

НАПОМЕНА: ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА ЌЕ СЕ ДОДЕЛУВА ПО ПРИНЦИПОТ ПРВ ДОЈДЕН-ПРВ УСЛУЖЕН, ДО ИСЦРПУВАЊЕ НА ПРЕДВИДЕНИТЕ СРЕДСТВА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2022 ГОДИНА, ЗА ТАА НАМЕНА, ДЕФИНИРАНИ ВО ЧЛЕН 1 ОД ОВАА ОДЛУКА.

**Член 3**

Процесот на субвенционирање ќе се заснова врз начелата на: јавност, објективност, недискриминација, транспарентност, ефикасност и економичност.

**Услови и критериуми за субвенционирање и категоризација на згради**

**Член 4**

Општи услови кои треба да бидат целосно исполнети од страна на потенцијалните Корисници на субвенцијата:

За станбени згради за колективно домување:

- ✓ Да се регистрирани како Заедници на сопственици или со заедницата да управува правно лице – Управител, согласно Законот за домување, за што се доставува решение од Централен регистар на РСМ или договор со правно лице – управител.

Доколку колективниот станбен објект има повеќе влезови и истите се регистрирани како посебни правни лица, или имаат потпишано посебни договори со правно лице управител за застапување, потребно е секој влез – секое правно лице засебно да достави доказ – решение од ЦР на РСМ или да достави Договор со фирмата управител која ја застапува заедницата на колективниот станбен објект.

- ✓ Да достават Имотен лист со кој се докажува сопственоста (не постар од 6 месеци) Појаснување: потребно е да се достави имотен лист за земјиштето под зграда и имотен лист за секој стан засебно, со кој ќе се потврди сопственоста на апликантите. Имотните листови да се достават во оригинал или нотарски заверена копија.

Доколку колективниот станбен објект има повеќе влезови и истите се регистрирани како посебни правни лица или имаат потпишано посебни договори со правно лице управител за застапување, потребно е секој влез – секое правно лице засебно да достави доказ – Имотен лист/листови со кој се докажува сопственоста на земјиштето под колективниот станбен објект и сопственоста на секој стан засебно.

За индивидуални станбени објекти (куќи):

- ✓ Да достават Имотен лист со кој се докажува сопственоста (не постар од 6 месеци) Појаснување: потребно е да се достави имотен лист за земјиштето под индивидуалниот станбен објект (куќа) и имотен лист за индивидуалниот станбен објект (куќа), со кој ќе се потврди сопственоста на апликантите. Имотните листови да се достават во оригинал или нотарски заверена копија.

**Член 5**

Посебните услови кои треба да бидат целосно исполнети од страна на потенцијалните Корисници за субвенционирање:

За колективни станбени објекти:

- Станбените згради за колективно домување да се постари од 25 години
- Доказ за старост на колективниот станбен објект се потрврдува со Изјава заверена на нотар, или со достава на купопродажен договор за стан (доволен е купопродажен договор на еден од сопствениците)
- Заедницата на сопственици/Управител на станбени згради да има донесено Одлука дека сопствениците на посебните делови се согласни да се изврши поправка и санација на кровен покривач и дека се согласни да учествуваат со сопствени средтсва за дел од вкупниот износ за санација-поправка на кровен покривач (во прилог кон одлуката да

достават список со потписи од 50% плус еден сопственик)

- Доказ дека заедницата на сопственици има отворено сметка за резервен фонд, согласно одредбите од Законот за домување
- Заедницата на сопственици/Управител на станбени згради да има донесено Одлука за избор на најповолна понуда за изведувач за поправка и санација на кровен покривач со која сопствениците даваат согласност за учество со сопствени средтсва за дел од вкупниот износ
- за санација-поправка на кровен покривач (во прилог кон одлуката да достават список со потписи од 50% плус 1 сопственик)
- Заедницата на сопственици/Управител на станбени згради да има донесено Одлука за избор на најповолна понуда за надзор на изведбата за поправка и санација на кровен покривач, со која сопствениците даваат согласност за учество со сопствени средтсва за дел од вкупниот износ за надзор на изведба на кровен покривач (во прилог кон одлуката да достават список со потписи од 50% плус 1 сопственик)
- Доказ дека Заедницата на сопственици има отворено сметка за резервен фонд, согласно одредбите од Законот за домување

Одлуките се сметаат за усвоени доколку истите своерачно ги потпишале 50% плус еден сопственик од вкупниот број на сопственици на посебни делови на колективниот станбен објект.
Одлуките се доставуваат во оригинален примерок или нотарски заверена копија и истите е потребно да бидат заверени со архивски број и потпишани од страна на овластено лице и печат.

За индивидуални станбени објекти (куќи):

- Индивидуалните станбени објекти (куќи) да имаат постоечки азбестен кровен покривач
- Изјава од сопственикот на индивидуалниот станбен објект дека е согласен да изврши замена на азбестен кровен покривач и дека е согласен да учествува со сопствени средтсва за дел од вкупниот износ за замена на кровен покривач (Изјавата да биде нотарски заверена)
- Сопственикот на индивидуалниот станбен објект да достави Договор со Изведувачот за замената на азбестниот кровен покривач.
- Забелешка 1: Доколку површината на индивидуалниот станбен објект е помала од 300 метри квадратни, Изведувачот на замената на азбестниот кровен покривач доставува Изјава заверена на нотар дека работите се изведени согласно позитивните законски прописи и нормативи за тој вид работа
- Забелешка 2: Доколку површината на индивидуалниот станбен објект е поголема од 300 метри квадратни, сопственикот на индивидуалниот станбен објект има обврска да достави до Комисијата Договор за изведен надзор над изведбата за замена на азбесетен кровен покривач. Договорот се доставува во оригинал или нотарски заверена копија.

Документите се доставуваат во оригинален примерок или нотарски заверена копија.

**Висина на субвенционирање**
**Член 6**

Субвенционирањето ќе биде поддржано со финансиски средства од буџетот на Општина Карпош за 2022 година, Програма ГД, по принципот прв дојден-прв услужен до

исцрпување на предвидените финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2022 година, за таа намена, во висина од:

За колективни станбени објекти:
- 30%, но не повеќе од 200.000,00, денари од вкупниот износ на вредноста на поправка и санација на кровен покривач за секоја одобрена апликација, поднесена од Заедница на станари или Управителот на станбената зграда врз основа на доставената најприфатлива понуда за материјали и работни позиции.
Сопствениците на станови во станбените згради за колективно домување ќе ги обезбедат преостанатите финансиски средства во висина од најмалку 70% од вкупниот износ од вредноста на инвестицијата и истото ќе го потврдат со Одлуки дефинирани во член 5 од овој Правилник.

За индивидуални станбени објекти (куќи):
- 30%, но не повеќе од 75.000,00, денари од вкупниот износ на вредноста на замената на азбестниот кровен покривач за секоја одобрена апликација.
Сопствениците на индивидуалните станбени објекти (куќи) ќе ги обезбедат преостанатите финансиски средства во висина од најмалку 70% од вкупниот износ од вредноста на инвестицијата и истото ќе го потврдат со Изјави заверени на нотар, дефинирани во член 5 од овој Правилник.

**Начин и постапка за спроведување на субвенционирањето**

**Член 7**

За реализирање на средствата врз основа на критериумите и условите во овој Правилник, општината објавува Јавен повик во дневен весник, во електронска форма на веб страната на Општина Карпош, во печатена форма на сите јавни објекти во општината.

Рокот за поднесување на апликациите ќе трае до исцрпување на предвидените средства.

**Член 8**

Јавниот повик за финансиска поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на кровен покривач на станбени згради за колективно домување и замена на азбестен кровен покривач на индивидуални станбени објекти (куќи) ќе ги содржи следните елементи:

- опис на објектите за колективно домување/индивидуален станбен објект за кои што сопствениците можат да аплицираат,
- процентот на учество на корисниците кои со сопственото учество ќе го обезбедат како дел со сопствени средства.
- услови кои станарите што аплицираат треба да ги исполнат.

По јавниот повик сите апликанти кои што ќе ги исполнат условите ќе бидат прифатени со првенство за барателите/апликантите кои што први ќе ја комплетираат документацијата, согласно одредбата од член 2 од овој Правилник.
Јавниот повик ќе трае до исцрпувањето на средствата предвидени од Буџетот на Општина Карпош за 2022 година, за предметната намена.

**Начин на аплицирање и содржина на апликација**
**Евалуација на апликациите и начин на објавување на резултати**

**Член 9**

За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства од овој Правилник, Градоначалникот на Општина Карпош ќе формира Комисија од 5 члена од кои еден е претседател и еден технички секретар кој админстративно ја води Комисијата, при што доставува извештај за својата работа до Градоначалникот на Општина Карпош.

Комисијата има право и должност да ги провери податоците во Апликацијата, да

изврши увид во соодветноста на документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни лица или овластени лица да направат увид на лице место, како и да бара друга дополнителна документација, при што за својата работа Комисијата составува Записник. Во Записникот се утврдува листа на потенцијални корисници за финансиската поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на оштетени кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи), базиран на условите и критериумите кои се дефинирани во овој Правилник. Првенство за субвенционирање ќе имаат апликантите кои што први ќе ја комплетираат документацијата.

**Член 10**

Листата на потенцијалните корисници се објавува на веб страната на Општината и на огласната табла на Општината, а се доставува и известување до секој апликант посебно со соодветни податоци за постапката и насоки за понатамошна постапка на реализација на поддршката за проектот финансиска поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и за замена на азбестни кровни покривачи во индивидуални станбени објекти (куќи).

Сите апликанти имаат право по објавата на потенцијалните корисници на субвенцијата да вршат увид во доставената документација и повлекување на истата.

Оваа листа има важност во тековната 2022 година од денот на објавувањето, односно се до целосно искористување на средствата согласно финансиската рамка во буџетот на Општина Карпош за 2022 година.

**Потпишување на договор за субвенционирање**
**Член 11**

По комплетирање на потребната документација, на предлог на Комисијата за имплементација на програмата за финансиска поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и за замена на азбестни кровни покривачи во индивидуални станбени објекти (куќи), а врз основа на Одлуката за објавување Јавен повик, Јавниот повик и Извештајот на Комисијата, Градоначалникот на Општина Карпош доставува засебни предлог Одлуки за одобрување финансиски средства до Советот на Општина Карпош.

По усвојување на Одлуката за одобрување финанскиски средства од Советот на Општина Карпош, Градоначалникот на Општина Карпош потпишува Договор за одобрување на финансиски средства за предметната намена и донесува Решение за исплата на финансиски средства за предметната намена.

Исплатата на одобрените финансиски средства (исплата на субвенцијата) ќе се врши:

За колективни станбени згради:

- по достава на Завршна ситуација за позициите наменети за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување, прегледани и потпишани од страна на Надзоерн орган.

Општина Карпош ќе ги префрли одобрените средства на жиро сметка за резервен фонд на колективниот станбен објект

За замена на азбестен кровен покривач на индивидуален станебен објект (куќа):

- по достава на Завршна ситуација за позициите наменети за замена на азбестен кровен покривач на индивидуален станбен објект, прегледани и потпишани од страна на Надзорен орган, доколку површината на индивидуалниот станбен објект е поголема од 300 метри квадратни и/или

- по достава на Изјава заверена на нотар од Изведувачот на замената на азбестниот кровен покривач дека работите се изведени согласно позитивните законски прописи и нормативи за тој вид работа, доколку површината на индивидуалниот станбен објект е помала од 300 метри квадратни.

Во Одлуката донесена од Советот на Општина Карпош и во договорите потпишани помеѓу Општина Карпош и заедниците на станари или овластениот управител на зградата или сопственикот на индивидуалниот станбен објект (куќа), ќе се утврди износот на средства за субвенционирање и поддршка од Општина Карпош врз основа на доставената техничка спецификација, која што ќе изнесува:
- 30%, но не повеќе од 200.000,00 денари за поправка и санација на кровни покривачи во колективни станбени објекти, од вкупната инвестиција на база на утврдената техничка спецификација за секој проект посебно, а врз основа на доставената најприфатлива понуда за материјали и работни позиции, согласно член 2 од овој Правилник и
- 30%, но не повеќе од 75.000,00 денари за замена на азбестен кровен покривач, од вкупната инвестиција на база на утврдената техничка спецификација за секој проект посебно, а врз основа на доставената најприфатлива понуда за материјали и работни позиции, согласно член 2 од овој Правилник

**Завршни одредби**
**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-2483/13**
**Датум:31.03.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за давање согласност за објавување Јавен повик за субвенционирање во постапката за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за објавување Јавен повик за субвенционирање во постапката за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош, донесен на седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2840/11**
**Датум:01.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), а во врска со член 67-а од Законот за градење (Сл. Весник на РМ 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/19, 18/20 и 279/20) и член 101 од Законот за домување, („Службен Весник на Република Македонија бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр,302/20), а во врска со Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2022 година и Буџетот на Општина Карпош за 2022 година, Програма ГДО-Проекти за енергетска ефикасност („Службен гласник на Општина Карпош" бр.23/2021) и Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација  на кровни пкривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровив на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош, донесен на седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2022 година, Советот на Општина Карпош, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за објавување Јавен повик за субвенционирање во постапката за поправка и санација  на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување Јавен повик за субвенционирање во постапката за поправка и санација  на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош

**Член 2**

Финансиската подршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен Јавен повик, врз основа на утврдените критериуми во Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација  на кровни поривачи на станбени

згради за колективното домување и замена на азбестни кровови на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош, донесен на седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржната на 31 март 2022 година.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да донесе Решение за формирање комисија за спроведување на постапката, која ќе има обврска да ја спроведе постапката по објавениот Јавен повик и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Советот на Општина Карпош и до градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на еднократна финансиска поддршка.

**Член 4**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе потпише поединечни договори и ќе донесе поединечни решенија за исплата на субвенцијата.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-2483/14**
**Датум:31.03.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Едногодишен краток Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 2 (Локален Еколошки Акционен План) за 2022 година**

1. Се објавува Едногодишен краток Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 2 (Локален Еколошки Акционен План) за 2022 година, донесен на седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2840/12**
**Датум:01.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

**Едногодишен краток Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 2 (Локален Еколошки Акционен План) за 2022 година**

**Вовед**

Во согласност со Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 5/2002), една од надлежностите на општините е „заштита на животната средина и природата преку мерки за заштита и спречување од загадување на водата, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење“.

Според Законот за животна средина (Службен весник на Р.М. бр. 53/2005, 24/07, 159/08, 83/09 и измени 124/10, 51/11) “Советот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, врз основа на оцената на своите специфични состојби и потреби, а во согласност со Националниот акционен план за животната средина, донесуваат локални акциони планови за животната средина во согласност со утврдена методологија”.

Почитувајќи ги овие законски обврски, преку веќе донесениот ЛЕАП2 на Општина Карпош во кој се идентификувани клучните проблеми поврзани со заштитата на животната средина опфатени во следните тематски области:

1. Воздух;
2. Отпад;
3. Почва;
4. Вода;
5. Бучава;
6. Енергетска ефикасност и
7. Климатски промени.

Анкетата спроведена на идентификуваните 25 проблеми од сите тематски области посочи 17 клучни проблеми кои се предмет на дејствување со акциските планови во шестгодишниот период на реализација на овој стратешки документ.

Акцискиот план за 2022 година претставува предлог мерки и активности кои се однесуваат на овие наведени проблеми што треба да почнат или целосно да се реализираат во 2022 година. Во програма за работа на Секторот за екологија и енергетска ефикасност за 2022 година е предвиден буџет од 1.850.000,00 денари за реализација на истите.

**Методологија за реализација на активностите**

Врз основа на ДПСИР методологијата (Driving force - движечка сила, Pressure - притисок, State - состојба, Impact - влијание, Response - одговор/реакција) преку која се дефинира движечките сили кои имаат влијание на животната средина, притисокот кој ја модифицира состојбата на медиумите и животната средина, сегашната состојба и влијанието како и дефинирање на соодветен одговор/акција за решавање на проблемите.

Имајќи ја во предвид ДПСИР методологијата во целост Акциониот план е базиран на истата и се фокусира на следниот методолошки пристап на реализација на активностите со следниот редослед:

- Дефинирање на проблемот;
- Дефинирање на мерки за разрешување;
- Идентификација на акциите кои треба да се превземат за спроведување на предложените мерки;
- Одговорни лица за спроведување на активностите;
- Временска квартална реализација на активности;
- Предвидени средства за реализација и
- Идентификација на можни надворешни извори за финансирање.

За секој од предложените проекти за реализација се предвидува и план за набљудување и оценување кој ги содржи:

1. Очекување резултати;
2. Показатели и успех;
3. Фреквенција на следење;
4. Одговорно лице за набљудување и оценување на успешноста на реализацијата на мерките и акциите во ЛЕАП за Општина Карпош.

**Мерки и активности за реализација – табеларен приказ**

| **Тематска област: Воздух** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Проблеми** | **Мерки** | **Акции** | **Одговорни лица за реализација** | **Предвиден буџет (денари)** | **Време на реализација** | **Можни извори на финансирање** |
| Аерозагадување од домаќинства и индустриски капацитети (користење на цврсти, течни и недозволени горива за загревање) | Подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух преку промоција на алтернативни горива за затоплување | 1. Дополнување на податоци во дигитална база на загадувачи, што воедно претставува база за индустриските капацитети (местоположба, тип на активност, капацитет, услови во ИСКЗ дозволите). | Сектор за екологија и енергетска ефикасност во рамки на проектот | Без финансиски импликации | 2022 година Април | Нема предвидени средства од буџетот на Општина Карпош |
| | Изработка на интерактивна web базирана апликација за приказ на катастарот на загадувачи на Општина Карпош | 2. Евиденција и мониторинг врз постојаните иевидентирани загадувачи на територијата на Општина Карпош можност за интегриран транспарентен начин на информирање. | Сектор за екологија и енергетска ефикасност во рамки на проектот | 300.000,00 денари | 2022 година Април -Мај | Средства од буџетот на Општина Карпош |
| Забелешка: Со овие мерки опфатени се 2 поважни проблеми од листата на евидентирани проблеми во донесениот ЛЕАП на Општина Карпош | | | | Вкупно средства за реализација: 300.000,00 денари | | |

| **Тематска област: Отпад** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Проблеми** | **Мерки** | **Акции** | **Одговорни лица за реализација** | **Предвиден буџет (денари)** | **Време на реализација** | **Можни извори на финансирање** |
| Недостаток на примарна селекција на отпад на местото на генерирање од домаќинства и правни субјекти | Учество во воспоставување на систем за сепарирање, реупотреба и рециклирање на отпадот на местото на создавање согласно интегрираниот начин на управување со отпад | 3. Реализација на јавна кампања за соодветно управување со отпад (потпишување на договор со колективен постапувач на отпад за селекција и реупотреба на отпад од пакување согласно процедурата на ИСО 14001) | Сектор за екологија и енергетска ефикасност и консултантски компании | 50.000,00 денари | 2022 година Април | Средства од буџетот на Општина Карпош |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Промовирање на пилот проект за сепарирање, рециклирање и реупотреба на одреден тип на материјал кој се рециклира | 4. Избор наматеријал кој се рециклира за кој постојат изводливи технички решенија за сепарирано собирање и третман | Сектор за екологија и енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | До крајот на 2022 година | Средства од надворешни донации |
| | | 5. Дефинирање на проектна задача (Соодветен третман и реупотреба на празни тонери и кертрици од општинската администрација) | Сектор за екологија и енергетска ефикасност Сектор за поддршка на Градоначалник | Без финансиски импликации | 2022 година Април | Нема предвидени средства од буџетот на Општина Карпош |
| | | 6. Реализација на проектот (во соработка со преработувачит е на материјали кои се рециклираат и/или крајните корисници) | Сектор за екологија и енергетска ефикасност и невладини организации | Без финансиски импликации | 2022 година Септември | Средства од надворешни донации |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 7. Поттикнување на комерцијалните објекти да склучат договор со лиценцирани постапувачи со отпад | Сектор за екологија и енергетска ефикасност и сектор Инспекторат | Без финансиски импликации | 2022 година Април | Нема предвидени средства од буџетот на Општина Карпош |
| Забелешка:<br>Со овие мерки опфатени се 5 поважни проблеми од листата на евидентирани проблеми во донесениот ЛЕАП на Општина Карпош | | | | Вкупно средства за реализација:<br>50.000,00 денари | | |

**Тематска област: Почва**

| **Проблеми** | **Мерки** | **Акции** | **Одговорни лица за реализација** | **Предвиден буџет (денари)** | **Време на реализација** | **Можни извори на финансирање** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Загадување и контаминација на почвата со загадувачки материи од секаков вид | Спречување на контаминација на почвата и земјиштето на територија на општина Карпош | 8. Запознавање на јавноста со резултатите од испитувањата на квалитетот на почвата и можните ризици по здравјето и презентирање на предвидените мерки за санирање на состојбите. Изготвување на Проект за санација и ремедијација на Втората заштитна зона на бунарското подрачје Лепенец – Вардар во Карпош 4 | Сектор за екологија и енергетска ефикасност и консултантски компании | 900.000,00 денари | 2022 година Јуни | Средства од буџетот на Општина Карпош |
| Забелешка: Со овие мерки опфатене 1 поважен проблем од листата на евидентирани проблеми во донесениот ЛЕАП на Општина Карпош | | | | Вкупно средства за реализација: 900.000,00 денари | | |

**Тематска област: Климатски промени**

| Проблеми | Мерки | Акции | Одговорни лица за реализација | Предвиден буџет (денари) | Време на реализација | Можни извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Појава урбани топлотни острови | Поттикнување на научни истражувања за анализа на влијание на климатски промени | 9. Кампања за подигање на свеста кај населението за бенефитот од примена на зелени фасади и зелени кровови за намалување на потрошувачка на енергија, намалување на температурата и топлотните острови во општина Карпош | Одделение за енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | 2022 година | Средства од надворешни донации |
| | | 10. Подготовка на детална анализа и изработка на Акцискипланзаенергетскиииклиматскиодржливразвој (Sustainable Energy and Climate Action Plan – SECAP) | Одделение за енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | 2022 година | Средства од надворешни донации - проекти |
| Забелешка:<br>Со овие мерки опфатенисе 2 поважни проблеми од листата на евидентирани проблеми во донесениот ЛЕАП на Општина Карпош | | | | Вкупно средства за реализација:<br>Без финансиски импликации | | |

| Тематска област: Енергетска ефикасност | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Проблеми** | **Мерки** | **Акции** | **Одговорни лица за реализација** | **Предвиден буџет (денари)** | **Време на реализација** | **Можни извори на финансирање** |
| Незаинтересираност и мал степен на познавање кај граѓанскиот и приватниот сектор за можностите и технологиите за користење на алтернативни извори за енергија | Подигање на јавната свест и стимулација за имплементација на мерки за енергетска ефикасност во домаќинствата, комерцијалниот и услужниот сектор | 11. Кампања за зголемување на јавна свест за користење и градба на фотоволтаични системи за сопствени потреби на граѓаните за моќност до 4KW согласно Законот за енергетика и новиот Закон за ЕЕ | Одделение за енергетска ефикасност | 30.000,00 денари | 2022 година | Средства од буџетот на Општина Карпош |
| | | 12. Соработка со невладината организација Хабитат во рамки на програмата на ЕУ Хоризон 2020 на следните проекти:<br>- **EXCITE** - Воведување стандарди за ЕЕ на локално ниво<br>- **ComAct** – Прилагодени мерки за намалување на енергетската сиромаштија во станбени згради<br>- **EnergyMEASURES** - Прилагодени мерки за подобрување на енергетската ефикасност кај енергетски ранливи домаќинства | Одделение за енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | 2022 година | / |
| | | 13. Изработка на пред-физибилити студии за сите заинтересирани граѓани за можностите и технологиите за користење на алтернативни извори на енергија и мерки за енергетска ефикасност во домаќинствата преку користење на калкулаторот наменет за граѓаните „REPLACE your heating system“ преку проектот REPLACE финансиран од програмата на ЕУ Хоризон 2020 | Одделение за енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | 2022 година | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 14. Спроведување на активности за редовна комуникација со јавноста преку отворање на инфо центар за енергетска ефикасност во просториите на ЗЕЛС и промоција на web алатката „REPLACE“ калкулаторот за можностите за промена на системи за греење и ладење и заштеда на енергија | Одделение за енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | 2022 година | / |
| Користење на енергетско неефикасни светилки во осветлување на јавни објекти и улично осветлување | Подигнување на свеста и поттикнување на користење на енергетско ефикасни светилки | 15. Исфрлање од употреба на неефикасни светилки во образовни институции преку заменанарефлекторскитесистемиод 400W воспортскитесалиоддвеопштинскиосновниучилиштесоЛЕДсветилки | Одделение за енергетска ефикасност | 350.000,00 денари | 2022 година | Средства од буџетот на Општина Карпош |
| | | 16. Замена на светилки (флуо цевките) во работните простории (училници) кои поради стробоскопскиот ефект не се во употреба според европските директиви | Одделение за енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | 2022 година | Средства од надворешни донации |
| Забелешка: Со овие мерки опфатенисе 6 поважни проблеми од листата на евидентирани проблеми во донесениот ЛЕАП на Општина Карпош | | | | Вкупно средства за реализација: 380.000,00 денари | | |

**Финансиски импликации**

Општина Карпош во рамките на својот финансиски и кадровски потенцијал, а во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и останатите општини во Град Скопје, вложува напори да го одржи и поправи нивото на квалитетот на животната средина.Во согласност со финансиските можности како средства во буџетот за реализација на овој акциски план во 2022 година се проектирани вкупно 1.850.000,00 денари. Овие средства ќе бидат искористени за најнеопходните мерки и активности што треба да ги превземе општината кои се дадени во текстот подолу.

За спроведување на предложените активности се предвидени следниве потребни средства:

| | |
|---|---|
| 1. Изработка на интерактивна web базирана апликација за приказ на катастарот на загадувачи на Општина Карпош......................................................... | 300.000,00 денари |
| 2. Реализација на јавна кампања за соодветно управување со отпад (потпишување на договор со колективен постапувач на отпад за селекција и реупотреба на отпад од пакување согласно процедурата на ИСО14001) ........................................... | 50.000,00 денари |
| 3. Изготвување на Проект за санација и ремедијација на Втората заштитна зона на бунарското подрачје Лепенец – Вардар во Карпош 4 ..................................... | 900.000,00 денари |
| 4. Кампања за зголемување на јавна свест за користење и градба на фотоволтаични системи за сопствени потреби на граѓаните за моќност до 4KW согласно Законот за енергетика и новиот Закон за ЕЕ ............................................................................... | 30.000,00 денари |
| 5. Заменанарефлекторскитесистемиод 400W воспортскитесалиоддвеопштинскиосновниучилиштесоЛЕДсветилкиод 100W................................ | 350.000,00 денари |
| ***Вкупно.................................................................................*** | ***1.630.000,00денари*** |

Овој Акционен план обезбедува успешна реализација на современиот приод при креирањето и спроведувањето на политиката за заштита на животната средина и планирањето на одржливиот развој кој не е можен без квалитетни, исцрпни и ажурни информации за изворите на загадувањето, за состојбата во животната средина и просторот, за техничко – технолошките решенија кои се на располагање и за економско – финансиските односи во фазите на инвестирање и реализирање на производство.

Поттикнати од законските обврски, но и свесни за состојбите со животната средина и желбата истата да се унапреди, Општина Карпош во континуитет ќе продолжи со спроведување на ЛЕАП-от како план на мерки и активности за решавање на проблемите во животната средина и зачувување на постојните природни убавини и релативно чиста животна средина

**Број: 09-2483/15**
**Датум:31.03.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за определување на спортски стипендии за талентирани спортисти - ученици од општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош, за учебната 2021/2022 година**

1. Се објавува Одлуката за определување на спортски стипендии за талентирани спортисти - ученици од општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош, за учебната 2021/2022 година, донесена на седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2840/13**
**Датум:01.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Глава II.Проектни активности, Точка 2. Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2021, 03/2022 ), Советот на Општина Карпош на седмата седница, одржана на 31 март 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за определување на спортски стипендии за талентирани спортисти - ученици од општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош, за учебната 2021/2022 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се определуваат спортски стипендии за спортисти – ученици од општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош, за учебната 2021/2022 година и тоа:

- Четринаесет (14) од Прва категорија, во износ од 3.000,00 денари
- Пет (5) од Втора категорија, во износ од 2.500,00 денари

**Член 2**

Исплатата на материјалната поддршка од член 1 на оваа одлука, се врши месечно во период од 01.04.2022 година па се до 31.07.2022 година, од средствата предвидени во Буџетот на Општина Карпош за 2022 година, по предходно спроведена постапка по објавениот оглас од страна на Комисијата формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 3**

За исплата на материјалната поддршка од член 1 на оваа одлука поединечни решенија ќе донесе Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2483/16**
**Датум:31.03.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука одобрување финансиска поддршка на Тамара Ѓурчиновска**

1. Се објавува Одлуката за одобрување финансиска поддршка на Тамара Ѓурчиновска, донесена на седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2840/14**
**Датум:01.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), точка 3. Финансиска поддршка на проекти од културата од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош бр. 23/2021, 3/2022) и Одлуката за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка за проекти од културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош бр.09-439/21 од 31.01.2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 3/2022), Советот на Општина Карпош, на седмата седница, одржана на 31 март 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**одобрување финансиска поддршка на Тамара Ѓурчиновска**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето бр.55-1236/1 од 15.02.2022 година, доставено од Тамара Ѓурчиновска со која се одобруваат финансиски средства како поддршка на проекти од културата, врз основа на точка 3. Финансиска поддршка на проекти од културата од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.23/2021, 3/2022).

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 30.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2022 година од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2022 година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука и да потпише Договор за одобрување на финансиски средства со Тамара Ѓурчиновска.

**Член 5**

Се задолжува барателот Тамара Ѓурчиновска до Советот на Општина Карпош и до Одделението за култура и спорт да достави детален финансиски извештај за потрошените средства, кои во прилог

ќе ги содржат следните документи: фактури или фискални сметки, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2483/17**
**Датум:31.03.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружение**
**МЛАДИНСКИ ФОРУМ ЗА СОРАБОТКА Скопје**

1. Се објавува Одлуката за одобрување финансиска поддршка на Здружение МЛАДИНСКИ ФОРУМ ЗА СОРАБОТКА Скопје, донесена на седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2840/15**
**Датум:01.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), точка 3. Финансиска поддршка на проекти од културата од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош бр. 23/2021, 3/2022) и Одлуката за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка за проекти од културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош бр.09-439/21 од 31.01.2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 3/2022), Советот на Општина Карпош, на седмата седница, одржана на 31 март 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**одобрување финансиска поддршка на Здружение**
**МЛАДИНСКИ ФОРУМ ЗА СОРАБОТКА Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето бр.55-841/1 од 07.02.2022 година, доставено од Здружение МЛАДИНСКИ ФОРУМ ЗА СОРАБОТКА Скопје, со која се одобруваат финансиски средства како поддршка на проекти од културата, врз основа на точка 3. Финансиска поддршка на проекти од културата од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.23/2021, 3/2022)

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 35.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2022 година од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2022 година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука и да потпише Договор за одобрување на финансиски средства со Здружение МЛАДИНСКИ ФОРУМ ЗА СОРАБОТКА Скопје.

**Член 5**

Се задолжува барателот Здружение МЛАДИНСКИ ФОРУМ ЗА СОРАБОТКА Скопје до Советот на Општина Карпош и до Одделението за култура и спорт да достави детален финансиски извештај за потрошените средства, кои во прилог ќе ги содржат следните документи: фактури или фискални сметки, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2483/18**
**Датум:31.03.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружение на граѓани за инклузивно и неформално образование и развој КРЕО-АКСИС Скопје**

1. Се објавува Одлуката за одобрување финансиска поддршка на Здружение на граѓани за инклузивно и неформално образование и развој КРЕО-АКСИС Скопје, донесена на седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2840/16**
**Датум:01.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), точка 3. Финансиска поддршка на проекти од културата од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош бр. 23/2021, 3/2022) и Одлуката за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка за проекти од културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош бр.09-439/21 од 31.01.2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 3/2022), Советот на Општина Карпош, на седмата седница, одржана на 31 март 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**одобрување финансиска поддршка на Здружение на граѓани за инклузивно и неформално образование и развој КРЕО-АКСИС Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето бр.55-1498/1 од 24.02.2022 година, доставено од Здружение на граѓани за инклузивно и неформално образование и развој КРЕО-АКСИС Скопје, со која се одобруваат финансиски средства како поддршка на проекти од културата, врз основа на точка 3. Финансиска поддршка на проекти од културата од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.23/2021, 3/2022)

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 40.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2022 година од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2022 година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука и да потпише Договор за одобрување на финансиски средства со Здружение на граѓани за инклузивно и неформално образование и развој КРЕО-АКСИС Скопје.

**Член 5**

Се задолжува барателот Здружение на граѓани за инклузивно и неформално образование и развој КРЕО-АКСИС Скопје до Советот на Општина Карпош и до Одделението за култура и спорт да достави деталeн финансиски извештај за потрошените средства, кои во прилог ќе ги содржат следните документи: фактури или фискални сметки, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2483/19**
**Датум:31.03.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за определување на стипендии за талентирани ученици од територијата на Општина Карпош за учебната 2021/2022 година**

1. Се објавува Заклучокот за објавување Одлука за определување на стипендии за талентирани ученици од територијата на Општина Карпош за учебната 2021/2022 година, донесена на седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2840/18**
**Датум:01.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Глава II. Проектни активности, Точка 3.Стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2021), Советот на Општина Карпош, на седмата седница, одржана на 31 март2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
